# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

10 ноември 2014 | Излегува по потреба | Година IX | број 12



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13 и 14/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВАТА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА ОТПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

1. Се објавува Заклучокот за прифаќање на иницијативата на Градоначалникот на Општина Гази Баба, за отпочнување на постапка за дополнување на Статутот на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 05.11.2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-4402/1**
**од 07.11.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 1 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 108 став (2) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13 и 14/13) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Иницијативата на Градоначалникот на Општина Гази Баба за отпочнување на постапка за дополнување на Статутот на Општина Гази Баба, бр.08-4241/1 од 29.10.2014 година, Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и третата седница одржана на ден 05.11.2014 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

## ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВАТА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА ОТПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

1. Советот на Општина Гази Баба ја прифаќа Иницијативата на Градоначалникот на Општина Гази Баба, за отпочнување на постапка за дополнување на Статутот на Општина Гази Баба, бр.08-4241/1 од 29.10.2014 година.

2. Се задолжува Градоначалникот на Општина Гази Баба, по донесувањето на овој заклучок да пристапи кон изготвување на Предлог - Статутарна Одлука за дополнување на Статутот на Општина Гази Баба, и истата да ја достави на разгледување и одлучување до Советот на Општина Гази Баба.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-4250/3**
**од 05.11.2014 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13 и 14/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА СТАТУТАРНАТА ОДЛУКА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Статутарната Одлука за дополнување на Статутот на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 05.11.2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**08-4402/2**
**од 07.11.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 1 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 109 од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13 и 14/13) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и третата седница одржана на ден 05.11.2014 година, донесе

**СТАТУТАРНА ОДЛУКА**

**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Член 1**

Во Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13 и 14/13), се врши следното дополнување:

Во глава **"II ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТЕЊЕ НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА" по член 46, се додава нова потточка која гласи:**

**"г) Локален младински совет на Општина Гази Баба"**

со 7 (седум) нови члена "46-а", "46-б", "46-в", "46-г", "46-д", "46-ѓ" и "46-е", кои гласат:

**"Член 46-а**

Во општината се формира Локален младински совет како советодавно тело на општината со цел младите активно да се вклучат во јавниот живот на општината.

Млади се жители на општината на возраст од 15 до 30 години живот.

Младите од став 1 на овој член можат да бидат избирани за претседател и заменик претседател на Локалниот младински совет на Општина Гази Баба, под услов да се со постојано место на живеење на подрачјето на Општина Гази Баба.

**Член 46-б**

Одлука за основање на Локален младински совет ја донесува Советот на општината.

**Член 46-в**

Локалниот младински совет во општината ги врши следните работи:

- расправа на седници на Советот на млади за прашања значајни за нивната работа;
- расправа за прашања за кои се расправа на Советот на општината а се од интерес за работата на младите;
- му предлага на Советот на општината донесување на одлуки, програми и други акти од значење за младите од општината;
- му предлага на Советот на општината да расправа за прашања кои се од значење за унапредување на положбата на младите и решавање на нивните проблеми;
- му дава мислење на Советот на општината за конкретните одлуки кои треба да ги донесе;
- соработува во изработката и го следи спроведувањето на локалните акти за млади, донесени од страна на општината;
- изработува извештаи до надлежните органи за проблемите на младите, а по потреба предлага донесување на Програми за отстранување на настанатите проблеми и подобрување на положбата на младите на локално ниво;

- организира работилници, предавања, трибини, кампањи, манифестации и други активности во врска со младинските прашања;
- информира и промовира за активностите на Локалниот младински совет;
- ја потикнува меѓусебната општинска соработка и размена на искуства со младите од другите општини;
- по потреба повикува преставник на Советот на општината на своите седници и
- врши и други работи од интерес за младите.

**Член 46-г**

Локалниот младински совет има 9 члена.

Градоначалникот на општината по донесување на одлуката од член 46-б, објавува јавен повик за избор на членови во Локалниот младински совет на Општина Гази Баба.
Кандидатите за членови на Локалниот младински совет ги предлагаат: Невладини организации и Здруженија на млади, ученички совети, студентски совети и други регистрирани облици на организирање на младите.

Врз основа на писмените предлози од предлагачите, на предлог на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, Советот на општината ги избира членовите на Локалниот младински совет.

Локалниот младински совет од своите редови избира претседател и заменик претседател, согласно Деловникот за работа на Локалниот младински совет.

**Член 46-д**

Членовите на Локалниот младински совет се избираат со мандат од 4 години.

Советот на општината може да разреши член на Локалниот младински совет и пред истекот на мандатот од став 1 на овој член:

- на лично барање,
- ако наполни 30 години живот,
- ако отсуствува од седниците на Локалниот младински совет и
- ако со правосилна судска пресуда е осуден на безусловна казна затвор во траење подолго од шест месеци.

**Член 46-ѓ**

Локалниот младински совет одржува редовни седници по потреба, но најмалку еднаш во два месеци.

Седниците ги свикува и со нив заседава Претседателот на Локалниот младински совет.
Претседателот на Локалниот младински совет е должен да свика вонредна седница на Локалниот младински совет на предлог од најмалку 3 члена на Локалниот младински совет.

Локалниот младински совет ги донесува одлуките од мнозинството гласови, ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупно избраните членови на Локалниот младински совет.

Начинот на работа на Локалниот младински совет поблиску се уредува со Деловник за работа на Локалниот младински совет, кој се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Локалниот младински Совет.

Локалниот младински совет може да формира постојни и повремени работни тела за потесни кругови на делување, на организирање форуми, трибини и работилници за поедини возрасни групи на млади или за проблеми кои ги загрижуваат младите.

**Член 46-е**

Локалниот младински совет донесува Програма за работа и ја доставува на усвојување до Советот на општината за секоја календарска година, најдоцна до 30 ноември во тековната година за секоја наредна година.

Програмата ги содржи следните активности:
- учество во креирањето и пратење на локалната програма за работа на младите,
- соработка со другите советодавни тела во Република Македонија и странство,
- консултирање со организацијата на младите за теми значајни за младите и
- соработка со телата во општината во политиката кон младите.

Програмата содржи и останати активности значајни за работата на Локалниот младински совет и подобрување на положбата на младите.

Програмата за работа на Локалниот младински совет се донесува со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови на Локалниот младински совет ".

**Член 2**

Се задолжува статутарно-правната комисија да го изготви пречистен текст на Статутот на Општина Гази Баба.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-4250/4**
**од 05.11.2014 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13 и 14/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Одлуката за формирање на Локален младински совет на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 05.11.2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4402/3**
**од 07.11.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 46-б од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и третата седница одржана на ден 05.11.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Член 1**

Со оваа одлука се уредува основањето на Локален младински совет на Општина Гази Баба (во понатамошниот текст: Локален младински Совет), делокругот на работа, постапка за избор на членовите на Локалниот младински совет и други прашања од значење за работата на истиот.

**Член 2**

Локалниот младински совет е советодавно тело на Советот на Општина Гази Баба, кој се основа со цел активно вклучување на младите во јавниот живот на Општина Гази Баба.

**Член 3**

Советот на млади го сочинуваат 9 (девет) члена.

Членовите на Локалниот младински совет се избираат на предлог на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на Советот на општината.

Локалниот младински совет од своите редови избира претседател и заменик претседател на советот, со мандат од 4 години без можност за повторен избор.

Претседателот го застапува и претставува Локалниот младински совет.

Претседателот на Локалниот младински совет Советот ги свикува и раководи со седниците на Локалниот младински совет, се грижи за организацијата и работата на советот.

**Член 4**

Локалниот младински совет ги врши следните работи:

- разгледува прашања кои се важни за работата на Локалниот младински совет;
- донесува Деловник за работа на Локалниот младински совет;
- го избира и разрешува претседателот на Локалниот младински совет;
- учествува во работата на младинскиот парламент и именува свој член во истиот;
- поднесува предлози до Советот на Општина Гази Баба за идентификувани проблеми на младите на локално ниво и начини за нивно можно решавање;
- поднесува предлози до Советот на Општина Гази Баба за донесување одлуки, програми и други акти за подобрување на состојбата на младите на локално ниво;
- дава мислење по одлуки, програми и други акти кои се од надлежност на Советот на Општина Гази Баба, а кои ги засегаат младите на локално ниво;
- изработува извештаи до надлежните органи за програмите на младите, а по потреба предлага и донесува програма за решавање на проблемите, со цел подобрување на состојбата на млади на локално ниво;
- предлага мерки за остварување и спроведување на одлуки и програми за грижа на млади;
- организира работилници, предавања трибини, кампањи, манифестации и други активности во врска со младинските прашања;

- информира и промовира за активностите на Локалниот младински совет;
- поттикнува соработка со младински организации од други градови на Република Македонија и
- врши други работи.

**Член 5**

Локалниот младински совет одржува редовни седници најмалку еднаш месечно.

Седниците ги свикува и со нив претседава претседателот на Локалниот младински совет.

Претседателот на Локалниот младински совет е должен да свика вонредна седница на предлог на најмалку 3 члена.

Седниците се јавни.

**Член 6**

Локалниот младински совет одлучува со мнозинство гласови од присутните членови на Советот.

**Член 7**

Начинот на работа на Локалниот младински совет поблиску се уредува со Деловник за работа на Локалниот младински совет.

Деловникот се усвојува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Локалниот младински совет.

**Член 8**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-4250/5**
**од 05.11.2014 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13 и 14/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ПРОЦЕНКА НА ШТЕТИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ОД ПРИРОДНА НЕПОГОДА (НЕВРЕМЕ) НА 07.09.2014 ГОДИНА**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на извештајот за проценка на штети на подрачјето на Општина Гази Баба, од природната непогода (невреме) на 07.09.2014 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 05.11.2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4402/4**
**од 07.11.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 143 став (4) од Законот за заштита и спасување ("Службен весник на РМ" бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11 и 41/14), точка 13 од Единствената методологија за процена на штетите од елементарни и други непогоди ("Службен весник на РМ бр.75/01), а во врска со член 3 став (1) точка 3 од Одлуката за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штетата, настаната од природни непогоди и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.8/13 и 9/13), Уредбата за начинот на работа на комисиите за процена и утврдување на висината на штета настаната од природни непогоди и другу несреќи ("Службен весник на РМ" бр.98/05 и 152/10) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по збирниот извештај на Комисијата за процена и утврдување на висината на штетата, настаната од природни непогоди и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба, бр.07-4242/1 од 29.10.2014 година, Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и третата седница одржана на ден 05.11.2014 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ПРОЦЕНКА НА ШТЕТИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ОД ПРИРОДНА НЕПОГОДА (НЕВРЕМЕ) НА 07.09.2014 ГОДИНА

1. Советот на Општина Гази Баба го усвојува извештајот за проценка на штети на подрачјето на Општина Гази Баба, од природната непогода (невреме) на 07.09.2014 година, изготвен од Комисијата за процена и утврдување на висината на штетата, настаната од природни непогоди и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба, бр.07-4242/1 од 29.10.2014 година.

2. Се задолжува Градоначалникот на Општина Гази Баба, примерок од овој заклучок и извештајот бр.07-4242/1 од 29.10.2014 година, да ги достави до Владата на Република Македонија - Комисија за процена и утврдување на висината на штетата, настаната од природни непогоди и други несреќи, на понатамошно постапување.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-4250/6**
**од 05.11.2014 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13 и 14/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ, УСЛОВИТЕ И ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДА И ПРИЗНАНИЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Правилникот за изменување на Правилникот за начинот, условите и постапката за доделување на награда и признание на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 05.11.2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4402/5**
**од 07.11.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), а во врска со член 6 од Одлуката за награда и признанија ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.7/12), Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и третата седница одржана на ден 05.11.2014 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ, УСЛОВИТЕ И ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДА И ПРИЗНАНИЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Член 1**

Во Правилникот за начинот, условите и постапката за доделување на награда и признание на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 7/12 и 10/12), членовите 17 и 18 **се бришат.**

Членовите "19", "20", "21", "22", "23" и "24", стануваат членови "17", "18", "19", "20", "21" и "22".

Член "19" кој станува член "17" се менува и гласи:

**"Одлуката за доделување на награда ја донесува Одборот."**

**Член 2**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-4250/7**
**од 05.11.2014 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13 и 14/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ ПРИОРИТЕТ НА ПРОЕКТ ЗА ИЗГРАДБА НА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА, ЗА НАСЕЛЕНО МЕСТО ТРИАНГЛА

1. Се објавува Одлуката за давање приоритет на Проект за изградба на атмосферска канализација за населено место Триангла, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 05.11.2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4402/6**
**од 07.11.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), а во врска со Одлуката на Владата на Република Македонија за распределба на средства согласно Договорот за заем по проектот "Водоснабдување и одведување на отпадни води" ("Службен весник на Република Македонија" бр.154/10) склучен со Европската Инвестициона Банка, Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и третата седница одржана на ден 05.11.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ ПРИОРИТЕТ НА ПРОЕКТ
ЗА ИЗГРАДБА НА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА,
ЗА НАСЕЛЕНО МЕСТО ТРИАНГЛА**

**Член 1**

Се дава приоритет на Проектот за изградба на атмосферска канализација во населено место Триангла.

**Член 2**

Изградбата на атмосферската канализација во населено место Триангла, да се имплементира согласно подготвениот основен проект.

**Член 3**

Апликацијата и техничкиот проект да се доставаат до Министерството за транспорт и врски, кое ќе ги спроведува и администрира финансиските средства, распределени согласно Одлуката на Владата на Република Македонија за распределба на средства согласно Договорот за заем по проектот "Водоснабдување и одведување на отпадни води" ("Службен весник на Република Македонија" бр.154/10), склучен со Европската Инвестициона Банка.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-4250/8
од 05.11.2014 година
Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13 и 14/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ИЗЈАВАТА
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Изјавата на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја даде на седницата одржана на ден 05.11.2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4402/7**
**од 07.11.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 3, член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13) а во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот "Водоснабдување и одведување отпадни води" ("Службен весник на РМ" бр.83/10), Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и третата седница одржана на ден 05.11.2014 година, ја дава следната

**И З Ј А В А**

**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**ДЕКА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ГИ ИСПОЛНУВА / ЌЕ ГИ ИСПОЛНИ СЛЕДНИТЕ УСЛОВИ:**

1. Општината ГАЗИ БАБА како општина во Град Скопје кое има формирано "ЈП ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА" - Скопје, во чија надлежност се населените места опфатени со генералниот урбанистички план.

2. ЈП "ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА" - Скопје, ги покрива услугите кои се однесуваат на водоснабдување и одведување на отпадни води, и не е оптоварено со долгови кои би го довеле во прашање неговото функционирање.

3. ЈП "ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА" - Скопје, со утврдената тарифа овозможува покривање на трошоците за тековното и идно функционирање и одржување на Проектот.

4. Проектите со кои ќе аплицира општината ќе бидат одобрени со одлука од Советот на општината, за секој проект посебно.

5. Сите досега финансирани проекти за водоснабдување и одведување на отпадни води во Општина Гази Баба од донации од државата или меѓународни институции се реализирани и се во функција.

6. Доколку општината не ги исполни условите од дадената изјава се обврзува да ги врати средствата во целост.

7. Оваа изјава ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-4250/9**
**од 05.11.2014 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13 и 14/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПЛАНОТ НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**- ЗА ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ, ЗА НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ТРУБАРЕВО - ИДРИЗОВО-**

1. Се објавува Планот за изменување на Планот за програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води за населени места Трубарево - Идризово, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 05.11.2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4402/8**
**од 07.11.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 23 став (6) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и третата седница одржана на ден 05.11 2014 година, донесе

## П Л А Н

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПЛАНОТ НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

## - ЗА ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ, ЗА НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ТРУБАРЕВО - ИДРИЗОВО-

### Член 1

Во Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води за населени места Трубарево - Идризово ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.13/11 и 1/13), во член 2, табеларниот преглед се заменува со нов и гласи:

**Образец В 1**

**ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Име на буџетска програма** | **КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ** | **Ознака на буџетска програма** | **ЈИ** |
| **Развојна потпрограма** | **Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води за Н.М. Трубарево - Идризово** | **Ознака на развојна потпрограма** | **ЈИА** |
| **Лице за контакт** | **Сашо Трајков** | **тел. и факс** | **003892 322 66 55 / 3215 112** |
| **Функција:** | **Раководител на Сектор за локален економски развој** | **E-mail** | contact@gazibaba.gov.mk |
| **Адреса:** | **бул. „Александар Македонски“ бб - општина Гази Баба** | | |

| | **ОПИС** |
|---|---|
| **Цели на развојната потпрограма** **(идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма)** | Да се подобри квалитетот на живот на жителите од руралните населени места во појасот од Трубарево до Идризово, преку изградба на примарниот одводен колектор во должина од 5км1, до крајот на 2017 год.; Заштита на животната средина и здравјето на жителите од наведените рурални населени места; Да се создадат претпоставки за развој на локалната економија преку изградба на комуналната инфраструктура; Да се потикне руралниот развој во сета негова широчина. |
| **Планирани активности** | 1 - Ревидирање на постојниот технички (основен) проект; 2 - Добивање на одобрение за градба; 3 - Распишување на јавен повик за јавна набавка; 4 - Изградба на примарниот одводен колектор во период од 2013 до 2017; 5 - Вршење надзор при изградбата; В36 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Очекувани резултати** | 1- Изградба на примарниот одводен колектор до крајот на 2014 год; 2 - Создавање на услови за ефектуирање на локацискиот потенцијал во овој микро регион vis a via домашните и странските инвеститори; 3 - Создавање на услови за решавање на секундарните мрежи за отпадни води во наведените рурални населени места. | | | | |
| **Ризик и претпоставки** | 1 - Остварување на очекуваните приходи во буџетските години; 2 - Подземните води во процесот на изградба на примарниот колектор; 3 - Запазувањето на роковите од динамичкиот план за изградба на одводниот колектор; | | | | |
| **Датум на започнување со имплементација на проектот** | Јануари 2013 година | | | | |
| **Датум на завршување на проектот** | Декември 2017 година | | | | |
| **Вкупна вредност** | 110.000.000,00 денари | | | | |
| **Име на студија** | **Примарна каналска мрежа за отпадни води - колектор н.м. Трубарево - ПСОВ Идризово** | | | | |
| **Ниво на студија*** | ГП | | | | |
| **Автор/Фирма, Седиште** | **Техноградба Инжинеринг ДОО - Скопје** | | | | |
| **Датум на изготвување на проектна документација** | 2008 година | | | | |
| | | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| **Индикатори** | реализирани буџетски средства | **6.000.000,00** | **14.000.000,00** | **30.000.000,00** | **30.000.000,00** | **30.000.000,00** |

*ДИП = Документ за идентификација на проектот (студија)

ПФС = Предфизибилити студија

ИП = Идеен проект

ФС = Физибилити студија

ГП = Главен проект

## ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА

| Извор на финансирање | Статус на финансирање* | Динамика за финансирање | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупен износ на проектот во МКД | Потрошено заклучно со 31/12/2013 | Предвидени расходи 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | По 2018 година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| Буџет (630) | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Буџетско учество | С | 110.000.000 | 6.000.000 | 14.000.000 | 30.000.000 | 30.000.000 | 30.000.000 | |
| ДДВ | | | | | | | | |
| Вкупни донации | | | | | | | | |
| Влада на РМ ** | | | | | 0 | 0 | | |
| Име на донатор** | | | | | 0 | 0 | | |
| Име на донатор** | | | | | | | | |
| Вкупно заеми | | | | | | | | |
| Име на кредитор** | | | | | 0 | 0 | | |
| Име на кредитор** | | | | | | | | |
| Име на кредитор** | | | | | | | | |
| Други извори на финансирање *** - Град Скопје | | | | | | | | |
| Вкупно | | **110.000.000** | 6.000.000 | 14.000.000 | **30.000.000** | **30.000.000** | **30.000.000** | **0** |

***** Ако е С= сигурен, внеси го датумот на потпишување на финансискиот договор или внеси КС = Квази сигурен, (што покажува дека договорот не е сеуште потпишан) или П = преговори (што покажува дека финансиерот е идентификуван и заинтересиран да го поддржи проектот).*

**** Тука да се наведат донаторите и кредиторите. Доколку има повеќе донатори или кредитори, да се внесе секој поодделно.**

**Ако изворот на финансирање е донација од ЕУ, да се наведе дали се работи за ИПА средства**

*****Да се наведат конкретните сопствени извори на инвеститорот (јавните претпријатија на општината, регионални центри, невладини организации и др.)***

**Член 2**

Овој план за изменување на планот на програмите за развој на Општина Гази Баба влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-4250/10**
**од 05.11.2014 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13 и 14/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПЛАНОТ НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**- ЗА ИЗГРАДБА НА ПРИМАРНА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ЗА НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА СМИЉКОВЦИ, ЦРЕШЕВО, ВИНИЧЕ, БУЛАЧАНИ, РАШТАК, СТРАЧИНЦИ И БРЊАРЦИ-**

1. Се објавува Планот за изменување на Планот за програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на примарна фекална канализација за населени места Смиљковци, Црешево, Виниче, Булачани, Раштак, Страчинци и Брњарци, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 05.11.2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4402/9**
**од 07.11.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 23 став (6) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и третата седница одржана на ден 05.11.2014 година, донесе

## П Л А Н

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПЛАНОТ НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

## - ЗА ИЗГРАДБА НА ПРИМАРНА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ЗА НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА СМИЉКОВЦИ, ЦРЕШЕВО, ВИНИЧЕ, БУЛАЧАНИ, РАШТАК, СТРАЧИНЦИ И БРЊАРЦИ-

### Член 1

Во Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на примарна фекална канализација за населени места Смиљковци, Црешево, Виниче, Булачани, Раштак, Страчинци и Брњарци ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.15/13), во член 2, табеларниот преглед се заменува со нов и гласи:

Образец В 1

## ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Име на буџетска програма** | **КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ** | **Ознака на буџетска програма** | **ЈИ** |
| **Развојна потпрограма** | **Изградба на примарна фекална канализација за н.м. Смиљковци, Црешево, Виниче, Булачани, Раштак, Страчинци и Брњарци** | **Ознака на развојна потпрограма** | **ЈИБ** |
| **Лице за контакт** | **Сашо Трајков** | **тел. и факс** | **003892 322 66 55 / 3215 112** |
| **Функција:** | **Раководител на Сектор за локален економски развој** | **E-mail** | contact@gazibaba.gov.mk |
| **Адреса:** | **бул. „Архимедова“ бр. 2 - Општина Гази Баба** | | |

| | **ОПИС** |
|---|---|
| **Цели на развојната потпрограма** **(идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма)** | Да се подобри квалитетот на живот на жителите на руралните населени места распослани на падините на Скопска Црна Гора, преку изградба на примарна фекална канализација до крајот на 2017 год.; Да се создадат комунални предуслови за динамичен рурален развој на населените места распослани на падините на Скопска Црна Гора; Заштита на животната средина и здравјето на жителите на руралните населени места распослани на падините на Скопска Црна Гора; Да се создадат претпоставки за развој на локалната економија преку изградба на примарната фекална мрежа; |
| **Планирани активности** | 1 - Изработка на основен технички проект за изградба на примарната фекална мрежа во руралните населени места распослани на Скопска Црна Гора; 2 - Ревидирање на постојниот технички (основен) проект; 3 - Добивање на одобрение за градба; 4 - Распишување на јавен повик за јавна набавка за изведувач на проектот; 5 - Изградба на примарна фекална мрежа во горенаведените рурални населени места во периодот 2014 - 2017; 6 - Вршење надзор при изградбата; |

| | |
|---|---|
| **Очекувани резултати** | 1- Изградба на примарната фекална мрежа до крајот на 2017+B38 год; 2 - Создавање на услови за ефектуирање на руралниот локациски потенцијал во населените места распослани на Скопска Црна Гора од страна на домашни и странски инвеститори; 3 - Создавање на услови за решавање на секундарните фекални мрежи во наведениот рурален микро регион . |
| **Ризик и претпоставки** | 1 - Остварување на очекуваните приходи во буџетските години; 2 - Планинскиот терен за изградба на примарната фекална мрежа; 3 - Запазувањето на роковите од динамичкиот план за изградба на примарната фекална мрежа ; |
| **Датум на започнување со имплементација на проектот** | Јануари 2014 година |
| **Датум на завршување на проектот** | Декември 2017 година |
| **Вкупна вредност** | 60.000.000,00 денари |
| **Име на студија** | |
| **Ниво на студија*** | ГП |
| **Автор/Фирма, Седиште** | |
| **Датум на изготвување на проектна** | |

| | | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Индикатори** | реализирани буџетски средства | **7.000.000,00** | **15.000.000,00** | **15.000.000,00** | **23.000.000,00** |

*ДИП = Документ за идентификација на проектот (студија)

ПФС = Предфизибилити студија

ИП = Идеен проект

ФС = Физибилити студија

ГП = Главен проект

## ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА

| | | Динамика за финансирање | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Извор на финансирање** | **Статус на финансирање*** | **Вкупен износ на проектот во МКД** | **Потрошено заклучно со 31/12/2013** | **Предвидени расходи 2014** | **2015** | **2016** | **2017** | **По 2018 година** |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| **Буџет (630)** | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Буџетско учество** | C | 60.000.000 | | 7.000.000 | 15.000.000 | 15.000.000 | 23.000.000 | |
| **ДДВ** | | | | | | | | |
| **Вкупни донации** | | | | | | | | |
| **Влада на РМ **** | | | | | 0 | 0 | | |
| **Име на донатор**** | | | | | 0 | 0 | | |
| **Име на донатор**** | | | | | | | | |
| **Вкупно заеми** | | | | | | | | |
| **Име на кредитор**** | | | | | 0 | 0 | | |
| **Име на кредитор**** | | | | | | | | |
| **Име на кредитор**** | | | | | | | | |
| **Други извори на финансирање ***** | | | | | | | | |
| **Вкупно** | | **60.000.000** | | 7.000.000 | **15.000.000** | **15.000.000** | **23.000.000** | **0** |

**** Ако е C= сигурен, внеси го датумот на потпишување на финансискиот договор или внеси КС = Квази сигурен, (што покажува дека договорот не е сеуште потпишан) или П = преговори (што покажува дека финансиерот е идентификуван и заинтересиран да го поддржи проектот).***

**** Тука да се наведат донаторите и кредиторите. Доколку има повеќе донатори или кредитори, да се внесе секој пооделно.**

**Ако изворот на финансирање е донација од ЕУ, да се наведе дали се работи за ИПА средства**

******Да се наведат конкретните сопствени извори на инвеститорот (јавните претпријатија на општината, регионални центри, невладини организации и др.)***

**Член 2**

Овој план за изменување на планот на програмите за развој на Општина Гази Баба влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-4250/11**
**од 05.11.2014 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13 и 14/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПЛАНОТ НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**- ЗА ИЗГРАДБА НА СПОРТСКИ ЦЕНТАР ЦРЕШЕВО - СТАЈКОВЦИ -**

1. Се објавува Планот за изменување на Планот за програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на спортски центар Црешево - Стајковци, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 05.11.2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4402/10**
**од 07.11.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 23 став (6) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и третата седница одржана на ден 05.11.2014 година, донесе

## П Л А Н

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПЛАНОТ НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

## - ЗА ИЗГРАДБА НА СПОРТСКИ ЦЕНТАР ЦРЕШЕВО - СТАЈКОВЦИ -

### Член 1

Во Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на спортски центар Црешево - Стајковци ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.15/13), во член 2, табеларниот преглед се заменува со нов и гласи:

**Образец В 1**

**ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Име на буџетска програма** | **КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ** | **Ознака на буџетска програма** | **ЈИ** |
| **Развојна потпрограма** | **Изградба на спортски центар Црешево - Стајковци** | **Ознака на развојна потпрограма** | **ЈИО** |
| **Лице за контакт** | **Сашо Трајков** | **тел. и факс** | **003892 322 66 55 / 3215 112** |
| **Функција:** | **Раководител на Сектор за локален економски развој** | **E-mail** | contact@gazibaba.gov.mk |
| **Адреса:** | **бул. „Архимедова“ бр. 2 - Општина Гази Баба** | | |

| | **ОПИС** |
|---|---|
| **Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма)** | Да се подобри квалитетот на живот на жителите на руралните населени места распослани на падините на Скопска Црна Гора, преку изградба на спортскиот центар до крајот на 2016 год.; Да се создадат инфраструктурни спортски предуслови за развој на спортот во населените места распослани на падините на Скопска Црна Гора; Заштита на животната средина и здравјето на жителите на руралните населени места распослани на падините на Скопска Црна Гора; Да се создадат претпоставки за развој на локалната економија преку изградба на спортскиот центар Црешево - Стајковци; |
| **Планирани активности** | 1 - Изработка на основен технички проект за изградба на спортскиот центар; 2 - Ревидирање на постојниот технички (основен) проект; 3 - Добивање на одобрение за градба; 4 - Распишување на јавен повик за јавна набавка за изведувач на проектот; 5 - Изградба на спортскиот центар во периодот 2014 - 2016; 6 - Вршење надзор при изградбата; |

| | |
|---|---|
| **Очекувани резултати** | 1- Изградба на спортскиот центар до крајот на 2016 год; 2 - Создавање на услови за ефектуирање на спортскиот потенцијал и развој на спортската култура на жителите од населените места распослани на Скопска Црна Гора; |
| **Ризик и претпоставки** | 1 - Остварување на очекуваните приходи во буџетските години; 2 - Планинскиот терен за изградба на спортскиот центар; 3 - Запазувањето на роковите од динамичкиот план за изградба на спортскиот центар; 4 - Имотно - правните проблеми. |
| **Датум на започнување со имплементација на проектот** | Јануари 2014 година |
| **Датум на завршување на проектот** | Декември 2016 година |
| **Вкупна вредност** | 30.000.000,00 денари |
| **Име на студија** | |
| **Ниво на студија*** | ГП |
| **Автор/Фирма, Седиште** | |
| **Датум на изготвување на проектна документација** | |

| | | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Индикатори** | реализирани буџетски средства | **500.000,00** | **14.500.000,00** | **15.000.000,00** | |

*ДИП = Документ за идентификација на проектот (студија)

ИП = Идеен проект

ГП = Главен проект

ПФС = Предфизибилити студија

ФС = Физибилити студија

## ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА

| Извор на финансирање | Статус на финансирање* | Динамика за финансирање | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупен износ на проектот во МКД | Потрошено заклучно со 31/12/2013 | Предвидени расходи 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | По 2018 година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| **Буџет (630)** | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Буџетско учество** | С | 30.000.000 | | 500.000 | 14.500.000 | 15.000.000 | | |
| **ДДВ** | | | | | | | | |
| **Вкупни донации** | | | | | | | | |
| **Влада на РМ **** | | | | | 0 | 0 | | |
| **Име на донатор**** | | | | | 0 | 0 | | |
| **Име на донатор**** | | | | | | | | |
| **Вкупно заеми** | | | | | | | | |
| **Име на кредитор**** | | | | | 0 | 0 | | |
| **Име на кредитор**** | | | | | | | | |
| **Име на кредитор**** | | | | | | | | |
